# Кој е денес главен
**(Excerpt in Macedonian)**

Translated by: Viktorija Blažeska
Contact of the translator: viktorija.blazeska@gmail.com

**Како се расте**

Почнува вака: прво си мал како сардина во стомакот на мама. Кога ќе пораснеш до големина на векна леб, доаѓаш на свет. Додека не проодиш, растеш во должина и потоа во висина. Извонредно се чувствуваш кога ќе ја дофатиш рачката од вратата, и уште подобро кога можеш да го запалиш светлото. А со називите кај женските е вака: Ника сега е девојче, нејзината сестра Лија исто така. Нивната сестра Лучка е веќе девојка, а мама е жена. (Како ова оди кај момчињата, нека си размислат сами.) Еден ден и Ника ќе стане девојка и потоа жена. Секако, сака да знае кога ќе се случи тоа и како ќе знае дека е веќе девојка и подоцна дека е жена.

Лучка ѝ објаснува:

„Тоа ќе го дознаеш кога ќе дојде редот. Но прво мораш да научиш како воопшто се вели: РРРАСТАМ. Ти тоа уште не го знаеш. Сè кажуваш со Л. Ти велиш ЛАСТАМ. Ме слушаш мене? РРРАСТАМ. Слушаш како тропа моето јазиче?“

Ника разбира. Почнува да вежба:

„ЛЛЛ. ЛАСТАМ.“

„Не, не, Ника, кај тебе воопшто не тропа. Види: РРРР. Јазичето мора да тропа како трактор. РАСТАМ.“

Ника се обидува:

„ЛЛЛЛ. Тлактол. Ластам.“

„Не, не,“ вели Лучка. „Денес не ти оди. Уште си премалечка. Можеби утре.“

Ника е загрижена. Што ако утре е веќе предоцна и нејзиното јазиче никогаш не затропа и таа никогаш не стане девојка и никогаш жена? Цел ден вежба и се мачи, толку е загрижена. Дури и навечер, кога мама, која е жена, ѝ посакува добра ноќ, Ника сè уште вежба: „ЛЛЛЛ. ТЛАКТОЛ. ЛАСТАМ.“

Не оди. Никако не ѝ оди! Сосема очајува. Среде вежбата заспива и сонува за Л-то, кое не сака да тропа, туку само да тлопа. Кога се буди наутро, јазичето ѝ е одморено. Повторно се обидува да го затресе. И види: Л одеднаш почнува да тропа – РРРР! Успеа, успеа: „РРРР!“ повторува. „ТРАКТОР!“ вежба. „РАСТАМ!“

Надвор од себе е од радост. Брзо скока на нозе. Боса трча по куќата, да ја најде Лучка и да ѝ каже за својот успех. Ја наоѓа како појадува во кујната.

„Ручка, Ручка, ете пораснав!“ вика. „Срушај. Трактор! Срушаш како тропа? Горема сум! Сега уште марку ќе бидам девојка, сега уште марку ќе бидам жена?“

**Кога Ника ќе порасне**

Ника тукушто го прослави четвртиот роденден. Веќе пред тоа научи како со раката да покаже дека има четири години. Тоа имено не е толку едноставно. Четвртото прсте ѝ се витка надолу. Со другата рака мора да го фати малиот прст, за четвртиот прст да остане исправен. Мама вели дека можеш да покажеш и поинаку: да го скриеш првото прсте,

палецот. Но тоа на Ника ѝ се чини сосема бесмислено. Палецот е прв, а мораш да го скриеш последниот, па нели растеш по ред: прво имаш една година, па две, па три... Не можеш да почнеш одназад. Ех, многу поедноставно ќе биде да се има пет години. Ќе ги исправиш сите прсти и тоа е тоа. Тогаш навистина веќе ќе биде голема. Наскоро потоа ќе почне да оди на училиште. Ќе црта кругови и линии во големи тетратки и ќе знае да пресмета колку е седум плус еден. Навечер ќе решава задачи и ќе учи. Кога мама ќе рече: „Ника, да спиеш," таа ќе одговори: „Уште не, неам време, иам домашна."

Кога Ника уште малку ќе порасне, ќе вози голем велосипед. В џеб ќе ја има дозволата. Ако ја сопре полицаец, ќе му ја покаже дозволата со нејзината слика и со главата ќе му заниша пред носот и ќе му рече „Види, чичко полицаец, имам кацига." Потоа ќе се смее, бидејќи полицаецот ококорено ќе гледа и ќе се чуди: „Толку мало девојче, а веќе толку големо." Ете, така ќе гледа, а таа ќе вози понатаму и сама ќе си оди со велосипедот во продавница.

Наскоро ќе може да сече со нож. Ќе има голем остар нож. Ќе сече компир, леб, кашкавал и кромид. По цели денови ќе сече, сета храна ќе ја извади од фрижидерот и фиоките и ќе ја исечка и иситни на малечки парченца, потоа од неа ќе зготви голем лонец минестроне за цело семејство. Но нешто сигурно ќе направи поинаку од мама: кога ќе го сече кромидот, нема да плаче и шмрка. Многу е несмасно, навистина, што мама, која е веќе толку голема девојка, се лигави поради исечен кромид.

Кога ќе порасне уште повеќе, под џемперот ќе носи градник. За на школо ќе има чизми. Ќе ги носи со хеланки, како Лучка. Чизмите веќе ќе имаат мали потпетици и усните наутро ќе си ги мачка со кармин за да светат како џамлии. Ќе се качува на школскиот автобус и ќе има торба за преку едно рамо. Кога ќе стигне дома, ќе раскажува по нешто за глупавите соученици. Ќе знае англиски, ќе зборува „Уан, ту, фри, фор, тенкс и сори!" Кога некој ќе ја праша како е на школо, понекогаш ќе вели „Скроз топ," а понекогаш „Скроз безвезе," за да може да ги употреби сите јаки зборови.

**Ника Влечкарката**

Кога некое од децата наутро не може да си ги најде влечките, мама не кажува: „Ви ги зела мачката[1]," туку вели: „Сигурно се таму каде што сношти ви паднале од нозете."

За среќа, Ника секогаш наоѓа сè. Веднаш кога ќе слушне некого како вели: „Каде ми се влечките?" и мама, која секогаш исто одговара, веќе трча на задача. Секаде бара. На полиците, зад каучот, во фиоките. Толку е малечка, што може да се вовре под креветот и зад шифоњерот. Ги прочешлува сите ќошиња и дупки во куќата. А другите боси чекаат на своите кревети.

Кога Ника пак ќе се појави, скутот ѝ е полн со влечки. Црвените ги носи пред Тин, сините пред Лучка, жолтите пред Лија... А нејзините нозе сè уште боси цупкаат по студениот под! Каде се нејзините розови влечки?

Сега Тин, Лучка и Лија, кои се веќе обуени, се растрчуваат по куќата. Ника чека на каучот.

И другите бараат по сите ќошиња и дупки. Проверуваат дури и во рерната на шпоретот, во кошницата за алишта и зад фрижидерот. Но розовите влечки не можат да ги најдат. Тогаш Лучка се досетува. Оди да провери и во кутијата со играчки. Види, види,

[1] Мачката Влечкарка (словенечки: Muca Copatarica) е лик од истоимената сликовница од Ела Пероци, кој им ги зема влечките на децата ако не си ги приберат.

розовите влечки се на шепите на големото мече на Ника. Во текот на ноќта му студело во нозете, па се обул. Лучка ги носи влечките во дневната соба. Ника е радосна. Ако на мечето, кое е влакнесто, му студело, што останува за Ника, која на нозете нема ниту едно влакно.